Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Осумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2021 година

Седницата започна во 19:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски како и Размена Чекиќ Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Билјана Николовска Жагар, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Лаура Идризи, претставник од Министерството за информатичко општество и администрација.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за статусот на реализација на активностите во рамки на ИПА 2017 проектот „Support to State Reorganisation“

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Beyond Horizon 21“, во Република Бугарија, со Предлог-одлука

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на активностите во рамки на ИПА 2017 проектот „Support to State Reorganisation”, како материјал за информирање.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Beyond Horizon 21“, во Република Бугарија, со Предлог – одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Beyond Horizon 21“, во Република Бугарија, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев